ПП Бр: 09- 2/11
30.04.2025

врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисјата за за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски-членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност против Здружение на приватни лекари на Република Македонија со седиште на ул. Народен фронт бр.21 Скопје, застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од истиот Закон, на седницата одржана на ден 30.04.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на ова решение донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донело Одлука бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 101.766 денари, што претставува XXX % од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Образложение

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 20.04.2015 година до КОП достави Известување бр. 09-18/1, во кое се наведува дека Стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата дошла до сознанија дека начинот на одредување на цените за услуги за приватни пациенти евентуално може да претставува повреда на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11 и 41/14).

Во прилог на известувањето достави доказ**:** Ценовник за услуги за приватни пациенти и приватни услуги симнат/испринтан од веб страната на Здружение на приватни лекари на Република Македонија).

Во известувањето се наведува дека Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со цел прибавување на податоци заради истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените од страна на приватни лекари во Република Македонија , а согласно законските надлежности со заклучок бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година го задолжило Здружението на приватни лекари на Република Македонија (во понатамошниот текст: ЗПЛРМ), ул. Народен фронт бр.21 Скопје, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави следните документи и податоци: сите ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

Со допис бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, ЗПЛРМ доставило известување по наведениот заклучок во кој наведува дека Комисијата за заштита на конкуренцијата нема никаква законска и стварна надлежност да бара и прибира известувања од ЗПЛРМ, бидејќи Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатија и здруженија на претпријатија да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба. Во врска со ова во известувањето ЗПЛРМ наведува дека согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар истото претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари. Исто така, во известувањето се наведува дека дискреционо право на здружението е дали да достави одговор или не на заклучокот и дека здржението одлучило да се повика на стварна ненадлежност на Комисијата и да го користи законски даденото дискреционо право да не одговори на ненадлежен орган.

Со известување бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година ЗПЛРМ доставило одговор на Заклучокот бр.07-251/1 од 06.10.2014 година при што доставило во прилог и Ценовник за услуги за пиватни пациенти и приватни услуги.

Дополнително на ден 04.12.2014 година со известување бр.07-251/5 ЗПЛРМ го дополнил одговорот по заклучокот бр.07-251/1 од 06.10.2014 година, при што во прилог доставило и Одлука од 10.03.2012 година.

На ден 18.03.2015 година од страна на службените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата од ПЗУ Д-р Мано – Д-р Пуздерлиски и ПЗУ Д-р Соња Јанакиевска биле прибавени податоци и докази за ценовниците по кои работат наведените приватни здравствени установи, за што биле составени и записници.

Понатаму, во известувањето на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата се наведува дека од горенаведените списи приложени кон известувањето јасно произлегува дека ЗПЛРМ на ден 10.03.2012 година донело Ценовник за услуги за пиватни пациенти и приватни услуги што претставува евентуален прекршок од член 59 став (1) точк 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата – носење на одлука од здружение на претпријатие со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени, кое нешто е забрането со наведениот член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, заради што Генералниот секретар ги доставува списите од предметот до КОП со цел доколку КОП утврди дека се исполнети законските услови да поведе прекршочна постапка по службена должност против: Здружение на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 и и еднистввен даночен број 4030997339917 застапувано од Лилија Чолакова –Дервишова заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став (1) точк 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на доставеното Известување и приложените докази кон истото, КОП со Заклучок бр.09-18/2 од 27.07.2015 година поведе прекршочна постапка против ЗПЛРМ заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став (1) точк 1) а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата. Со наведениот заклучок КОП го задолжи ЗПЛР да ги достави следните податоци и документи: Сите ценовници кои Здружение на приватни лекари на Република Македонија ги има донесено од основањето до денот на приемот на овој заклучок, датумот на донесување на истите, одлуките и други акти врз основа на кои се донесувале ценовниците; Објаснување на начинот на кој ценовниците се дистрибуирани/ направени достапен на приватните здраствени установи и биланс на успех за 2014 година.

Со допис бр.09-18/3 од 17.09.2015 година ЗПЛРМ преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес достави одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

Со Заклучок бр.09-22/1 од 15.03.2016 година, КОП побара од ЗПЛРМ доставување на следните податоци и документи: Записник од седница на управен одбор на ЗПЛРМ на која е донесена одлуката бр. сл. Од 10.03.2012 година, креиран ценовник на ЗПЛРМ од 2008 година (на кој ценовник ЗПЛРМ се повикува во дописот од 14.10.2014 година доставен до Комисијата за заштита на конкуренцијата), актите врз основа на кои е донесен истиот, објаснување како истиот бил направен достапен за членките на здружението и објаснување до кога истиот бил во сила и биланс на успех за 2015 година.

Со допис бр.09-22/2 од 28.03.2016 година ЗПЛРМ одговори на Заклучокот.

КОП со допис бр.09-22/3 од 29.03.2016 година побара од Централниот регистар на РМ доставување на биланс на успех на ЗПЛРМ за 2016 година.

Централниот регистар на РМ со допис бр.09-22/4 од 05.04.2016 година го достави бараниот биланс на успех.

Со допис бр. 09-22/5 од 07.04.2016 година КОП до ЗПЛРМ достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-22/6 од 16.05.2016 година ЗПЛРМ преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес достави одговор на Прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-22/7 од 06.06.2016 година КОП до ЗПЛРМ достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-22/8 од 20.06.2016 година ЗПЛРМ преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес достави одговор на Конечното известување за утврдена фактичка состојба.

На седница одржана на ден 31.08.2016 година КОП донесе решение бр.09-22/9 со кое утврди дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/10, 136/11 и 41/14), во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на ова решение донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донело Одлука бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 491.000,оо денари, што претставува 4,7% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија остварен во 2015 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Незадоволен од ваквото решение ЗПЛРМ поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија Упрк – бр.4/2016 (наш бр.09-22/10 од 23.09.2016.

КОП во предвидениот рок достави одговор на тужбата наш бр. 09-22/11 од 27.09.2016 година.

Управниот суд на ден 23.05.2019 година со пресуда УПРК бр.4/2016 ја уважи тужбата на ЗПЛРМ, а решението на КОП, Решение бр.09-22/9 од 31.08.2016 година го поништи.

Незадоволна од пресудата КОП со допис бр.09-22/2 од 19.06.2019 година до Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави жалба по наведената пресуда.

Со допис наш бр.09-22/3 од 13.09.2019 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави одговор на жалба.

Со допис бр.09-22/4 од 10.10.2019 година КОП достави допис до Државниот правобранител на Република Северна Македонија заради негово понатамошно постапување согласно Законот за управните спорови.

Со допис наш бр.09-24/1 од 03.06.2020 година до КОП доставено е Решение на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.514/2019 од 08.05.2020 година со кое решение Вишиот управен суд ја одбива жалбата на КОП и ја потврдува пресудата на Управниот суд Упрк.бр.4/2016 од 23.05.2019 година.

Со допис наш бр.09-11/3 од 25.06.2020 година Централниот регистар до КОП достави Биланс на успех на ЗПЛРМ за 2019 година.

Со допис бр. 09-24/2 од 23.11.2020 година КОП до ЗПЛРМ достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-24/3 од 11.12.2020 година ЗПЛРМ преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес достави одговор на Конечното известување за утврдена фактичка состојба.

На седница одржана наден 21.01.2021 година КОП донесе Решение во повторена постапка бр.09-5/1 со кое утврди дека ЗПЛРМ како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донело Одлука бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 282.761 денари, што претставува 4,7% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија остварен во 2019 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Со допис наш бр.09-5/2 од 02.03.2021 ЗПЛРМ ја извести КОП дека повела управен спор.

Со допис неш бр. 09-5/3 од 10.03.2021 година Управниот суд достави до КОП покана за одговор на тужба.

Со допис бр.09-5/4 од 01.04.2021 година КОП достави одговор на тужба до Управниот суд.

Со допис неш бр. 09-23/1 од 06.04.2022 година Управниот суд достави до КОП покана за јавна расправа.

Со полномошно бр. 03-83/1 од 18.04.2022 година Комисјата за заштита на конкуренцијата овласти лица од Комисијата да ја застапуваат на усна расправа пред Управниот суд.

На ден 30.06.2022 година Управниот суд достави до КОП Пресуда УПРК.бр.1/2021 од 26.04.2022 година (заведена под наш бр.09-23/2)

Со допис бр. 09-23/3 од 11.07.2022 година КОП побара од Централниот регистар да достави биланс на приходи и расходи за ЗПЛРМ за 2021 година.

Со допис наш бр. 09-23/4 од 13.07.2022 година Централниот регистар ги достави бараните податоци.

На седница одржана наден 14.07.2022 година КОП донесе Решение во повторена постапка пп бр.09-23/5 со кое утврди дека ЗПЛРМ како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донело Одлука бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 282.761 денари денари, што претставува 6,39% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија остварен во 2021 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.
Со пропратно писмо бр.09-23/6 од 14.07.2022 година КОП го достави репшението до ЗПЛРМ.

Со заклучок пп бр.09-23/7 од 19.07.2022 година КОП изврши исправка на решението пп бр.09-23/5 од 14.07.2022 година.

Со допис бр. 09-23/8 од 19.07.2022 година КОП го достави заклучокот до ЗПЛРМ.

Со допис неш бр. пп 09-23/9 од 19.08.2022 година Управниот суд до КОП достави покана за одговор на тужба.

Со допис пп бр.09-23/10 од 29.08.2022 година КОП достави одговор на тужба до Управниот суд.

Со допис наш бр. 09-23/11 од 28.09.2022 година Управниот суд до КОП достави покана за јавна расправа.

на ден 14.10.2022 ополноможтени се службени лица од Комисијата со полномшно бр.03-183/1 и 03-183/2 да ја застапуваат КОП пред Управниот суд.

на ден 22.11.2022 ополноможтени се службени лица од Комисијата со полномшно бр.03-183/3 и 03-183/4 да ја застапуваат КОП пред управниот суд.

На ден 11.01.2023 годин заведена под наш бр.09-3/1 Управниот суд до КОП достави пресуда УПРК бр.11/2022 донесена на ден 01.12.2022 година.

Со допис наш бр.09-5/1 од 25.01.2023 година Управниот суд до КОП достави жалба.

Со допис наш бр.09-5/2 од 27.10.2023 година Управниот суд до КОП достави барање за достава на списи.

Со допис пп.бр.09-5/3 од 30.10.2023 година КОП ги достави списите до Управниот суд

На ден 30.11.2025 година заведена под наш бр.09-46/1 Вишиот управен суд достави пресуда УПРЖ бр.60/2024 донесена на ден 04.12.2024.

Со допис наш бр.09-2/1 од 14.01.2025 годна ЗПЛРМ достави известување до КОП.

Со заклучок пп 09-2/3 од 31.01.2025 година КОП побара од ЗПЛРМ да ги достави следните податоци и документи: податок дали Здружението на приватни лекари на Република Македонија има донесено одлука или друг акт за ставање вон сила на Одлуката бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги? Доколку има донесено таков акт/одлука да се достави копија од истата, и податок за тоа дали е доставено било какво известување до приватните лекари членки на Здружението (или на веб страната на Задружението), во врска со примената на Одлуката бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги. Доколку е доставено такво известување/информација да се достави доказ.
Со пропратно писмо бр.09-2/4 од 31.01.2025 година заклучокот беше доставен до ЗПЛРМ.

Со допис наш бр. 09-2/5 од 31.01.2025 година КОП побара од Централниот регистар да достави биланс на приходите и расходите за 2023 година за ЗПЛРМ.

Со допис наш бр.09-2/7 од 17.02.2025 година Централниот регистар одговори на дописот.

Со допис наш бр.09-2/8 од 17.02.2025 гопдина ЗПЛРМ одговори на заклучокот.

Со допис наш бр. 09-2/9 од 27.03.2025 година КОП побара од Централниот регистар да достави биланс на приходите и расходите за 2024 година за ЗПЛРМ.

Со допис наш бр.09-2/10 од 17.04.2025 година Централниот регистар одговори на дописот.

**Постапувајќи по напатствијата на Вишиот управен суд КОП во повторната постапка врз основа на податоците прибавени во текот на постапката а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст ЗЗК) забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, <u>одлуките на здруженијата на претпријатија</u> и договорената практика чија цел или последица е

нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување или го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

Законот за заштита на конкуренцијата изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори и/или договорни практики, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно или индиректно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите договори, односно одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата, независно од постоењето или непостоењето на антиконкурентски ефекти, истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата.

Наводите на ЗПЛРМ изнесени во дописот бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, дека Комисијата за заштита на конкуренцијата нема никаква законска и стварна надлежност да бара и прибира известувања од ЗПЛРМ, бидејќи Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатија и здруженија на претпријатија да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, како и тврдењето на ЗПЛРМ дека ЗПЛРМ согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари, КОП не ги прифаќа од следниве причини.

Согласно член 3 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата истиот се применува на:

- претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и
- јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за кои што тие субјекти се основани.

Согласно одредбите на член 250 и член 251 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник На република македонија“ бр. 43/2012, бр.145/2012, бр.87/2013, бр.164/2013, бр.39/2014, бр.43/2014, бр.132/2014, бр.188/2014, бр.10/2015, бр.61/2015, бр. 154/2015, бр.192/2015, бр.17/2016 и бр.37/2016) заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштитата на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти се здружуваат во Лекарска, стоматолошка, односно Фармацевтска комора на Македонија. Коморите

имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

Согласно член 5 став (1) алинеа 1 од Законот за заштита на конкуренцијата - "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не;

Од членот 5 став (1) алинеа 1 од Законот за заштита на конкуренцијата јасно утврдува дека вршењето на слободната професија – лекар потпаѓа под законската дефиниција на „претпријатие" па оттука јасно е дека Законот за заштита на конкуренцијата се применува и на лекарите, како слободна професија.

Согласно член 5 став (1) алинеа 2 од ЗЗК "здружение на претпријатија" е здружение на две или повеќе претпријатија кое директно не врши економска активност, ***но има или може да има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот***, без оглед на формата на здружување;

Согласно член 5 став (1) алинеа 5 од ЗЗК - "економска активност" е промет на стоки и/или услуги на пазарот без оглед на тоа дали целта на таквиот промет е остварување на добивка или не;

Од член 5 став (1) алинеа 5 од ЗЗК јасно произлегува дека давањето на лекарски/здравствени услуги претставува вршење на економска активност.

Бидејќи лекарите, членки на Здружението на приватни лекари на Република Македонија се претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, следствено Здружението на приватни лекари на Република Македонија претставува здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата без оглед на формата на здружување.

ЗПЛРМ е здружение на приватни лекари во кое членуваат приватните лекари вработени во (сопственици на) приватните здравствени установи како правни субјекти - вршители на здравствена дејност. Приватните здравствени установи при обезбедувањето на услугите кои приватните пациенти ги плаќаат, односно при давањето на приватните услуги треба слободно и независно едни од други да формираат сопствени цени за извршените услуги, под влијание на конкурентските сили кои делуваат на овој пазар.

ЗПЛРМ со донесување на Одлуката на управниот одбор на ЗПЛРМ од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги врши ограничување на конкуренцијата помеѓу приватните здравствени установи, односно влијае на однесувањето на приватните здравствени установи на пазарот.

Со донесување на Одлуката  на управниот одбор на ЗПЛРМ од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, ЗПЛРМ како здружение на претпријатија донела забранети одлуки со кои директно или индиректно ги фиксирала цените на услуги за приватни пациенти и приватни услуги, со што сторила прекршок од член 59 став 1 и член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имено член 7 од ЗЗК изрично забранува здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно или индиректно се фиксираат цените на услугите. Согласно член 7 од ЗЗК  секое претпријатие мора самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот и истиот стриктно забранува било какви директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е било да влијаат врз пазарното однесување  на постоен или потенцијален конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот.

Во конкретниот случај со Ценовникот донесен од ЗПЛРМ се одредуваат цените за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, кој ценовник е јавно објавен на веб страната на ЗПЛРМ и истиот е достапен на сите приватни лекари (не само на членките на ЗПЛРМ). Со носењето на Ценовникот и неговото јавно објавување на веб страната на ЗПЛРМ, ЗПЛРМ ја елиминира неизвесноста која постои на пазарот помеѓу конкурентите, а која ги поттикнува конкурентите да се однесуваат про-конкурентски и да донесуваат/наплатуваат пониски цени за услугите кои ги наплатуваат. Со носењето и јавното објавување на ценовникот се постигнува координирање на однесувањето на приватните лекари.

На 18.03.2015 година службените лица на Комисијата во Поликлиниката Идадија, Скопје утврдиле дека во ходникот на истата имало залепена копија од ценовник донесен од ЗПЛРМ.

Видно од записникот за увид направен на 18.03.2015 година од службените лица на Комисијата во ПЗУ Д-р Мано – Др. Пуздерлиски која се наоѓа во просториите на Поликлиниката Идадија, Скопје е утврдено дека истиот иако не е член на ЗПЛРМ работи по ценовник кој му бил достапен на веб страната на ЗПЛРМ. Службените лица земаа копија од ценовникот по кој работи наведената ПЗУ.

Видно од записникот за увид направен на 18.03.2015 година од службените лица на Комисијата во ПЗУ Д-р Соња Јанакиевска која се наоѓа во просториите на Поликлиниката Идадија, Скопје е утврдено дека истата е член на ЗПЛРМ  работи по ценовник кој го донела ПЗУ. Од копијата на ценовникот на ПЗУ видно е дека во делот Опис на приватна здравствена услуга, цените за услугите кои се дадени во овој дел се исти со цените од ценовник донесен од ЗПЛРМ. Службените лица земаа копија од ценовникот по кој работи наведената ПЗУ.

Вишиот управен суд во пресуда УПРЖ бр.60/2024 донесена на 04.12.2024.јасно утврдува дека ЗПЛРМ, како здружение на претпријатие го сторило прекршокот за кој се товари, дека КОП правилно утврдила дека членот 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата прави разлика помеѓу договори кои имаат за цел опграничување на конкуренцијата и оние чија последица е ограничувањето на конкуренцијата и дека во моментот кога ќе се утврди дека еден договор има за своја цел ограничување на

конкуренцијата, нема веќе потреба да се утврдуваат и конкретните ефекти (последици) на тој договор врз конкуренцијат и дека ова значи дека, при примената на член 7 став (1), кога договорот има како своја цел ограничување на конкуренцијата, не е потребно да се докажува постоење и на анти-конкурентски ефекти (последици). Понатаму во наведената пресуда Вишиот управен суд наведува „ Вишиот управен суд најде дека и органот и првостепениот суд во однос на траењето на прекршокот правилно утврдиле дека противправноста настанала со донесување на спорниот ценовник 10.03.2012 година, и сеуште трае до денот на носење на оспореното решение, со оглед на тоа што тужителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија, не донел нова одлука со која се става вон сила забранетата одлука на управниот одбор на здужението од 10.03.2012 со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги, а со кој е нарушена конкуренцијата на пазарот на приватните здравствени установи преку фиксирање на цените на услугите за приватните пациенти и приватни услуги.“

Постапувајќи во повторена постапка КОП утврди дека член 66 од Законот за заштита на конкуренцијата го утврдува следното:

(1) Прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат:

-три години за прекршоци од членот 61 од овој закон и
-пет години за прекршоци од членовите 59 и 60 од овој закон.

(2) Роковите за застареност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот. Ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал.
(3) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на решението со кое се утврдува постоење на прекршок поминат две години.
(4) Застареност на прекршочното гонење и застареност на извршување на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на прекршочното гонење, односно за застареност на извршувањето на прекршочната санкција.

Наведениот став (2) од членот 66 јасно утврдува дека: Роковите за застареност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот. Ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал.

Во конкретниот случај станува збор токму за продолжен прекршок, имено и самиот Виш управен суд во самата пресуда констатирал дека прекршокот сеуште трае, па оттука имајќи го предвид член 66 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата КОП утврди дека зстареноста се уште не почнала да тече бидејќи прекршокот сеуште не престанал.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека ЗПЛРМ како Здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 од Законот, со донесување на Одлуката на управниот одбор на ЗПЛРМ од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги донело забранета одлука со која директно или индиректно се фииксираат продажните цени на услуги за

приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од Законот.
*Времетраењето на повредата* е од 10.03.2012 година кога ЗПЛРМ ја донела Одлуката на управниот одбор на ЗПЛРМ од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги и истата на денот на донесување на ова решение сеуште трае. Имено од донесувањето на спорниот ценовник на 10.03.2012 година до денот на носење на ова решение ЗПЛРМ не донело нова одлука со која ја става вон сила Одлуката Одлуката на управниот одбор на ЗПЛРМ од 10.03.2012 година, со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни пациенти и приватни услуги. Оттука наведената спорна одлука е сеуште во сила на денот на носењето на ова решение.

Согласно член 59 став (1) точка 1) од Законот, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кое се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од Законот.

При определување на износот на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи на ЗПЛРМ во 2024 година како последната деловна година за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка/биланс на успех.

Согласно билансот на успех за 2024 година, ЗПЛРМ во 2024 година остварила вкупни приходи од XXX денари.

КОП утврди дека износот на глобата кој се изрекува на ЗПЛРМ за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 101.766 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЗПЛРМ остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**